# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

за потребите на проектот „Support for the Mother Theresa Centre for people with special needs in Gevgelija 09/23-08/26"

## Опис и задачи на евалуаторот (ToR)

### 1. За проектот

Проектот „Поддршка на Центар Мајка Тереза за лица со посебни потреби во Гевгелија" е модел на дневен центар за грижа кој нуди висококвалитетни и интегрирани професионални услуги прилагодени за потребите на корисниците. Проектот придонесува за достоинствен живот и целосно остварување на правата на лицата со попреченост преку обезбедување подобрени услуги, нивно активно вклучување во процесите на донесување одлуки и зголемена поддршка од поширокото општество. Воедно проектот придонесува и кон зголемување на јавната свест, што пак води кон зголемување на поддршката на заедницата во активното пристапување кон остварувањето на правата на лицата со попреченост.

Целта на проектот е да обезбеди висококвалитетни услуги и поддршка за деца и возрасни со попреченост, како и за нивните родители, прилагодени на нивните потреби. Освен тоа целта на проектот е да се зајакнат и подобрат целокупните капацитети на Центар Мајка Тереза, како би можеле да се испорачаат што поквалитетни услуги за крајните корисници. Една од специфичните цели на проектот е зголемување на поддршката од страна на локалната заедница.

Проектот е финансиран од Реновабис – Германија, а го спроведува Хуманитарно добротворна фондација МАКЕДОНСКИ КАРИТАС.

### 2. Цели и резултат на ангажманот

Завршната евалуација ќе биде доверена на надворешен евалуатор со специфично стручно знаење, кој ќе изработи специфичен и опсежен Завршен евалуаторски извештај.

Евалуаторот треба да ги анализира и оцени проектните активности, резултати и применетата методологија во однос на: релевантност, ефикасност, ефективност и одржливост. Деталната методологија за евалуација ја одредува евалуаторот и може да ги вклучува следните елементи: канцелариско истражување (проектна документација, извештаи, анкети, публикации, правни документи итн.), интервјуа со персоналот на проектот, целни групи и крајни корисници, теренски посети итн.

Резултат на ангажманот е извештај за процена на англиски јазик и краток извештај на македонски јазик, кој ќе ги содржи следните елементи:

I. *Клучни информации за проектот*
II. *Методологија на оценување*
III. *Синопсис на проектот*

*Контекст*

*Опис на логика на интервенција*

*IV. Наоди*

*Релевантност*

*Ефикасност*

*Ефективност*

*Одржливост*

*V. Заклучок*

*VI. Препорака*

**3. Термини за реализација на ангажманот**

| *Активност* | *Рок* |
|---|---|
| Објавување на Јавен повик | 29.05.2026 |
| Затворање на Јавниот повик | 08.06.2026 |
| Продолжување на Јавниот повик | 09.06.2026 |
| Затворање на Јавниот повик | 15.06.2026 |
| Избор на евалуатор | Јуни 2026 |
| Потпишување на Договор | Јуни 2026 |
| Почеток на активности | После потпишување на Договор |
| Достава на работна верзија | Август 2026 |
| Изработка и достава на финална верзија | Септември 2026 |

**4. Информации за апликантите**

| | |
|---|---|
| Краток опис на работата | Извршителот ќе го евалуира проектот користејќи ги следните критериуми: релевантност, ефикасност, ефективност и одржливост со фокус на влијанието на проектот.<br>Финалниот извештај за евалуација треба да биде доставен на англиски јазик. |
| Локација и траење: | Гевгелија - испраќање на финален извештај до 10.09.2026 година |
| Број на евалуатори: | Еден |
| Вид на договор: | За физички лица: Договор на дело<br>За правни лица: Договор за соработка и фактура за извршена услуга. |

**5. Начин за пријавување**

Сите заинтересирани кандидати можат своите апликации да ги испратат на следната електронска пошта: contact@caritas.mk **најкасно до 15 јуни 2026 година.**

Апликацијата треба да содржи:

- Образец за пријава
- CV каде што јасно се назначени искуството, референците на кандидатот за извршување на слични ангажмани.
- Краток опис на методологијата на евалуацијата
- Износ на понудата наведен во евра со вклучен ДДВ

Сите заинтересирани кандидати кои сакаат да аплицираат. можат да го преземат ToR со образецот за пријава од веб страната на Македонски Каритас (www.caritas.mk). Апликациите кои ќе пристигнат после истекот на рокот и непотполни апликации нема да се земат во предвид.

## 6. Критериум и начин на избор на кандидат

Интерна комисија на Македонски Каритас ќе ги разгледа сите пристигнати пријави и ќе одлучува за изборот на кандидат. Комисијата ќе ги земе во предвид сите наведени критериуми

Основни критериуми за донесување на одлука се:

- Искуство во евалуација на проекти финансирани од меѓународни организации
- Добро познавање на пишан англиски јазик
- Пожелно е искуство во работа со лица со попречености

Проектниот тим го задржува правото да го контактира некој од кандидатите како би ги провериле доставените документи.

Судир на интереси: На овој повик не можат да се пријават физички и правни лица кои се во потенцијален судир на интереси, односно лица кои на било кој начин можат да влијааат во процесот на носење на објективна одлука. Комисијата и проектниот тим го задржуваат правото да ги одбијат апликациите за кои ќе се утврди дека се наоѓаат во потенцијален судир на интереси согласно домашното законодавство.

## 7. Контакт

За сите дополнителни информации можете да го контактирате следното лице:

**Спасе Спасов, проектен координатор**
Емаил: spase.spasov@caritas.mk
Телефон: +389 70 216 069

Скопје, 09.06.2026 година